**Извештај за квалитативните информации поврзани со инструментите за кредитна заштита**

| Реден број | Квалитативни информации за инструментите за кредитна заштита | Опис |
|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* |
| 1 | Политики за билансно нетирање | Банката со состојба на 31.12.2025 година не применува билансно нетирање како инструмент за кредитна заштита. |
| 2 | Политики за прифатливо обезбедување | Кредитните политики и политиките и процесите на банката за вреднување и управување со прифатливото обезбедување опфаќаат јасно дефинирани правила и процедури со цел обезбедувањето ефективно да се користи како инструмент за кредитна заштита и намалување на кредитниот ризик.<br>Основните елементи се:<br>- Дефинирање на прифатливо обезбедување<br>Банката утврдува видови на обезбедување кои може да се прифатат (недвижности, движен имот, парични депозити, гаранции и сл.), како и критериуми за нивна прифатливост, пазарност и ликвидност.<br>- Вреднување на обезбедувањето<br>Обезбедувањето се вреднува врз основа на пазарна или проценета вредност, со примена на конзервативни пристапи (на пр. LTV коефициенти и покривни фактори), со цел да се обезбеди соодветна покриеност на кредитната изложеност.<br>-Правна сигурност и извршност<br>Се обезбедува валидна правна документација и право на приоритетна наплата (хипотека, залог, гаранции), што овозможува навремена и ефикасна реализација на обезбедувањето.<br>-Интеграција во кредитниот процес<br>Обезбедувањето е составен дел од кредитната анализа и одлука, при што неговата вредност и квалитет се земаат предвид заедно со кредитниот ризик на клиентот.<br>-Мониторинг и ревалоризација<br>Банката континуирано ја следи вредноста и адекватноста на обезбедувањето, вклучувајќи периодични ревалоризации и контрола на неговата состојба и осигурување.<br>-Управување при ненаплата<br>Обезбедувањето се користи како секундарен извор на наплата, при што банката презема активности за негова реализација во случај на неисполнување на обврските од страна на должникот.<br>Банката воспоставува сеопфатен систем за избор, вреднување, правна заштита и следење на обезбедувањето, со цел истото да обезбеди ефективна кредитна заштита и минимизирање на потенцијалните загуби. |
| 3 | Видови обезбедување | Согласно интерните кредитни политики на банката и процедурата за утврдување на адекватноста на капиталот, а во согласност со регулаторната рамка за адекватност на капиталот, како инструменти за кредитна заштита се прифаќаат следните видови обезбедување:<br>1. Парични депозити<br>2. Должнички инструменти<br>3. Државни гаранции<br>4. Гаранции од банки<br>Во случаите кога одредено побарување е покриено со инструмент за кредитна заштита се зема во предвид влијанието на инструментот за кредитна заштита (финансиран и нефинансиран), доколку влиае на намалување на пондерираната вредност на побарувањето.<br>При пресметката на капиталот потребен за покривање на кредитен ризик, Банката како финансирани инструменти за кредитна заштита ги користи паричните депозити и должничките инструменти издадени од Република Северна Македонија, додека како нефинансирани користи гаранции/контрагаранции издадени од Република Северна Македонија и други банки, кои ги исполнуваат условите пропишани со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот. |
| 4 | Даватели на гаранции | Банката како инструменти за кредитна заштита користи гаранции издадени од субјекти со висок кредитен квалитет, при што нивната признаеност и третман зависат од категоријата на дavателот на гаранцијата и од соодветната класификација на изложеностите.<br>Гаранциите издадени од Република Северна Македонија се третираат како инструменти за кредитна заштита со висок степен на кредитет квалитет. Во согласност со регулативата, изложеностите обезбедени со вакви гаранции се класифицираат во категорија на изложености кон држава/централна влада, при што пондеерот на ризичност се утврдува според степенот на кредитниот квалитет на државата гарантор.<br>Гаранциите издадени од банки се прифаќаат како инструмент за кредитна заштита, под услов да се правно извршливи и кредитно квалитетни. Со ваквите гаранции, изложеностите се третираат како изложености кон банки, при што пондерот на ризичност зависи од кредитниот рејтинг на банката гарантор. |
| 5 | Ниво на концентрацијата на ризикот поврзан со обезбедувањето | Банката применува разновидни инструменти за кредитна заштита, со цел намалување на кредитниот ризик и обезбедување стабилност на портфолиото. Во рамки на обезбедувањето, се користат хипотеки, залог на движни средства, депозити, банкарски гаранции и други форми на обезбедување.<br>Нивото на концентрација на ризикот поврзан со обезбедувањето се следи континуирано, со цел да се избегне прекумерна зависност од одреден тип на инструмент за кредитна заштита. Вредноста на недвижностите и другите форми на обезбедување е подложна на промени во пазарните услови, но Банката применува редовни проценки и ажурирања на вредноста.Обезбедувањето е распределено меѓу повеќе категории и не постои значителна концентрација во еден сегмент. |